Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-1858/1
11-04-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, промет и услуги Лазароски
УНИМАРБЛЕ увоз-извоз ДОО
Бр. 0307-
11-IV 2023 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Лазароски УНИМАРБЛЕ увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „с.Беловодица“, општина Прилеп бр.41-610/8 од 29 март 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.74/23) и членот 23 од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Беловодица“, општина Прилеп бр.24-2245/1 од 28.03.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, промет и услуги Лазароски УНИМАРБЛЕ увоз-извоз ДОО Прилеп**
**со адреса: Ладо лапецот бр.15/Б Прилеп**
**застапувано од лицето Димче Лазароски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден ___________ 2023 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С.БЕЛОВОДИЦА“, ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Беловодица“, општина Прилеп бр.24-2245/1 од 28.03.2013 година, членот 2 се менува и гласи:

## „Член 2
## Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години“.

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Беловодица", општина Прилеп бр.24-2245/1 од 28.03.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Беловодица", општина Прилеп бр.24-2245/1 од 28.03.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| **За Концедентот** | **За Концесионер** |
| **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **Друштво за производство,** |
| **МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,** | **промет и услуги Лазароски УНИМАРБЛЕ** |
| **Kreshnik Bekteshi** | **увоз-извоз ДОО Прилеп** |
| | **Димче Лазароски** |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: Александра Митреска
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

# Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** с. Беловодица - Прилеп

**Минерална суровина:** Мермер

**Површина = 0.846250 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7560400 | 4574400 |
| 2 | 7559675 | 4576000 |
| 3 | 7560000 | 4576100 |
| 4 | 7561000 | 4574600 |